**Подобрени ИТ системи и дадени препораки за иден развој:**

- Нов ИТ модул за Секторот за буџет и фондови за прибирање податоци и известување за обврските.
- Надграден ИТ модул за Секторот за буџет и фондови за контрола на плати. Направени подобрувања на тековниот Access систем, и даден извештај со препораки на долг рок.
- Препораки за нов интегриран систем за е-буџет кој е во согласност со новите промени за среднорочно буџетирање и програмско буџетирање.

За подобрување на фискалното известување беше организирана обука за фискално известување во согласност со стандардите и барањата на ЕУ. Обуката започна со обезбедување на општи информации за ESA2010 методологија за државна финансиска статистика (GFS), а продолжи со поспецифични прашања поврзани со фискалното известување за ЕУ.

- Претставници од МФ, Државниот завод за статистика и Народна Банка на РМ зедоа учество на вкупно 18 кратки средби во рамките на обуката (семинари и работилници од 2-3 часа). Во просек имаше по 10-16 учесници на секој настан.
- Со обуката се зголеми нивото на знаење на учесниците за сметководството во јавниот сектор, за методологијата ESA2010 GFS (вклучувајќи и правила за класификација на сектори и приходи/расходи), ESA2010 за фискалното известување според стандардите на ЕУ и поврзаноста помеѓу ESA2010 GFS методологијата и фискалните проекции.

**Проектен менаџмент**

- Лидер на Проектот од земјата корисник, г-ѓа Верица Прокoвиќ
- Лидер на Проектот од земјата имплементатор, г. Рејо Линд
- Постојан советник на проектот,
- г-ѓа Јона Барихел
- Координатор на Проектот, г. Мартин Новески и г-ѓа Тања Трипунова
- Асистент на Проектот, г-ѓа Катерина Димовска Трајковски
- Преведувач на Проектот, г-ѓа Наташа Алексовска

**Институции од земјата корисник**

- Министерство за финансии, Сектор за буџет и фондови
- Министерство за финансии, други сектори
- Државен завод за статистика
- Управа за јавни приходи

**Сектор за склучување на договори на МФ**

- Централно финансирање и склучување на договори

**Период за имплементација**

- 1 декември 2015 – 20 ноември 2017

Проектот е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. За содржината на истата е одговорен Твининг проектот MK11 IB FI 01 и истата на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија

**Твининг проект**

# Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефективно управување со јавните финансии

HAUS

Ministry of Finance

EU for YOU!

**Твининг проект имплементиран од страна на HAUS, Фински институт за менаџмент во јавниот сектор**

Општите цел на Проектот беше да се осигура одржливост и стабилност на јавните финансии преку подобрување на управувањето со јавните финансии. Активностите беа насочени кон подобрување на ефективноста на среднорочното буџетско планирање, програмското буџетирање и буџетската класификација, како и фискалното известување во согласност со стандардите на ЕУ. Ова придонесува за постоење на одржливо среднорочно фискално планирање и зајакнување на фискалната дисциплина и кредибилитет.

Главни корисници на проектот беа голем број на сектори на Министерството за финансии (Секторот за буџет и фондови, Секторот за макроекономска политика, Сектор за даноци и царинска политика, Трезор и Сектор за меѓународни односи и управување со јавен долг). Сепак, во активностите беа вклучени и други корисници, како Управата за јавни приходи, Државниот завод за статистика, Народната банка, Царинската управа и други министерства и буџетски корисници.

Вкупниот период на имплементација на Проектот беше 23 месеци, во рамките на кои беа спроведени 80 краткорочни експертски мисии, со повеќе од 40 различни експерти од Финска, Австрија, Словенија и Холандија. HAUS, Финскиот институт за менаџмент во јавниот сектор беше одговорен за Проектот. Сепак, најголем дел од експертите беа претставници од Министерството за финансии.

***„Проектот обезбеди корисни алатки за МФ и ги зголеми капацитетите за идни реформи во областа на управувањето со јавните финансии“ ПСП Јона Барихел***

**Најзначајни остварени резултати**

**Подобрено програмско буџетирање** преку креирање на сосема нова програмска класификација од три нивоа за земјата, со 14 политики, 49 програми и 126 потпрограми. Ова вклучуваше и воспоставување на буџетирање кое е ориентирано кон успешност, според кое програмите се поврзуваат со цели и индикатори. Знаењето и капацитетот на корисниците беа подобрени во однос на согледување на придобивките од програмското буџетирање, како и во однос на идните чекори за спроведување на реформата во иднина.

- Нацрт за новата буџетска класификација од три нивоа.
- Критериуми и предлог идеи за цели и индикатори за сите политики, програми и потпрограми, направени во соработка со експертите на Проектот, МФ и буџетските корисници.
- Изготвен прирачник за програмско буџетирање.
- Околу 50 учесници земаа учество во обуката за програмско буџетирање во октомври. Освен тоа, за време на Проектот, претставници од МФ и буџетските корисници имаа можност за учење и преку практична работа, за време на процесот на подготовка на предлог политиките.

**Подобрено среднорочно буџетирање** кое има за цел да ги развие капацитетите на МФ и пилот буџетските корисници за среднорочно планирање на буџетот засновано на построги фискални правила. За време на проектот беа креирани Среднорочната фискална рамка, Среднорочната буџетска рамка и Среднорочната рамка на расходи, во соработка помеѓу експертите на Проектот и МФ. Потребното знаење во земјата постои за конкретна имплементација на реформите во пракса.

- Фискални правила, среднорочна буџетска рамка и поефикасен систем за лимити за расходи во земјата, креиран според клучните аспекти на ЕУ директивата за буџетска рамка.
- Реформа за годишен буџетски календар и процедури.
- Предлог за нов Закон за буџети (вклучувајќи и фискални правила) во соработка помеѓу експертите на Проектот и МФ.
- Идеи за подобрување на содржината на Фискалната стратегија, како документ од среднорочната фискална рамка.
- Изготвен прирачник за среднорочна буџетска рамка.
- Поддршка за среднорочното макроекономско проектирање со подобрен макроекономски модел.
- Поддршка за развивање на среднорочната проекција на даночни приходи со подобрени модели за пресметки.
- Препораки за унапредување на процесот и процедурите за проекција на среднорочните приходи. Тестирање на методологијата на Работната група за приходи помеѓу засегнатите страни.
- Воспоставување на пилот мрежа на буџетски корисници.
- Интензивна три дневна обука за среднорочно буџетирање за поширока пилот мрежа на буџетски корисници , организирана во Струга (53 учесници).
- Обука за среднорочна буџетска реформа (близу 100 учесници на различни обуки од МФ и учесници во групата за утврдување на приходи и други буџетски корисници). Ова подразбираше и практично пилотирање со новата среднорочна буџетска рамка.
- Три студиски посети со вкупно 17 учесници од МФ, во Австрија, Финска и Естонија, организирани со цел зголемување на свесноста за постоење на различни видови на буџетски практики во ЕУ.